РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-973/6
30-07-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 37 - та седница одржана на 29.07.2029 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-973/1 од 27.02.2026 година, оформен по пријава против службеното лице ------, заменик министер во Министерството за --------, **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите од пријавата се потврдени но нема прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои го регулираат постапувањето и пријавувањето на состојба на судир на интереси.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава од непознат подносител, по која е оформен предметот бр. 09-973/1 од 27.02.2026 година. Пријавата е поднесена против лицето -----------, заменик министер во Министерството за -----------, со наводи дека за време на вршење на функцијата стекнала статус на професор на Универзитетот „---------" – Скопје.

Со цел правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, Државната комисија побара податоци и информации од Универзитетот „----------" – Скопје и врз основа на извршениот увид во доставената документација, го утврди следното:

----------- има засновано работен однос на Универзитетот „--------" – Скопје од 01.11.2016 година. Со нејзиното именување на функцијата заменик министер во Министерството за ---------- на 22.07.2024 година, нејзиниот работен однос е ставен во мирување.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно член 174 ставови (8) и (9) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25), при мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест, како и да одржува предавања, да биде ментор на втор и трет циклус на студии и да врши други активности од високообразовната дејност.
На 30.07.2025 година, Универзитетот „---------" – Скопје објавил конкурс за избор во наставно-научно звање во наставно-научната област „Граѓанско процесно право", на кој во законски предвидениот рок се пријавила и именуваната. По спроведената законска постапка за избор, на 03.02.2026 година, во Универзитетски билтен бр. 77, е објавен извештајот на рецензентската комисија со предлог д-р --------------- да биде избрана во наставно-научно звање вонреден професор во наведената област.
ДКСК до Државниот просветен инспекторат достави Барање за вршење на вондреден инспекциски надзор во Универзитетот „--------" – Скопје над постапката за избор во наставно-научно звање вондреден професор во наставно-научната област „Граѓанско процесно право" во Универзитетот „Мајка Тереза" – Скопје, за лицето ---------------. Од Записникот ИП1 бр. 31-237 од 20.03.2026 година доставен од страна на Државниот просветен инспекторат утврдено е следното:

- со Решение бр. 04-743/1 од 23.07.2024 година на д-р --------- ѝ мирува работниот однос на Правниот факултет поради изборот на функцијата заменик министер во Владата на Република Северна Македонија;
- во периодот на мирување на работниот однос именуваната вршела наставна дејност без финансиски надоместок;
- постапката за распишување и спроведување на конкурсот е реализирана согласно Законот за високото образование
- не е утврдено лицето да побарало продолжување на рокот за избор во повисоко наставно-научно звање согласно член 175 став (3) од Законот за високото образование и
- не се констатирани неправилности во постапката за избор во наставно-научно звање.

Согласно утврдените факти и извршениот увид во документацијата, од страна на Државниот просветен инспекторат, е констатирано дека изборот во наставно-научно звање е спроведен во услови кога на лицето му мирува работниот однос поради вршење јавна функција, при што вршењето на наставната дејност се реализира без финансиски надоместок, согласно одредбите од Законот за високо образование.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на утврдената фактичка состојба, Државната комисија констатираше дека на именуваното лице му мирува работниот однос за време на вршење на јавната функција, согласно закон, и дека има право да учествува во високообразовната дејност без финансиски надомест. Постапката за избор во наставно-научно звање е спроведена согласно законските прописи, при што не се утврдени елементи на влијание или злоупотреба на службената положба и овластување.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија констатираше дека во конкретниот случај не е утврдена состојба на судир на интереси согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител
Одобрил/Miratoi: м-р S.D. -член/anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk